Извештај анкетата за Перманентен антикорупциски мониторинг

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НУЛТА КОРУПЦИЈА

1. Општи поставки

Во текот на месец април за потребите на организацијата „Транспарентност – Нулта корупција“ беше спроведена анкета под наслов „Македонија и Европската Унија“. Целта на анкетата беше да се добијат информации за ставовите, знаењето и мислењето за тоа, колку граѓаните на Република Македонија се информирани за клучните приоритети, што Република Македонија ги има преземено како обврска, со цел започнување на преговорите за членство во Европската Унија. Анкетата беше вршена по телефонски пат, со случаен избор на респонденти. Во текот на анкетирањето, беше добиено мислење од 380 респонденти. Целокупниот процес на анкетирање, почнувајќи од обуката на анкетарите и завршувајќи со изработка на извештај, траеше 15 дена.

1.2. Метода на анкетирање

Како најсоодветна метода за собирање на податоците, а во исто време зачувување на анонимноста на респондентот, беше одбран телефонскиот контакт при избор на случајни телефонски броеви. Оваа метода дозволува поголема флексибилност заради краткото време, што им се одзема на респондентите.

1.3. Чекори во спроведувањето на анкетата

За потребите на спроведувањето на анкетата беа формирани два тима: тим на анкетари, што помина соодветна куса обука за целите, методите и начинот на спроведување на анкетата, и технички тим, што ја презеде обработката на добиените податоци.
Целокупниот процес на анкетирањето имаше пет јасно поделени и независни еден од друг чекори:

Чекор 1.1. Обука на тимот на анкетари (запознавање на анкетарите со анкетните прашања, со методата на анкетирање, начин на претставување и начин на прибирање и бележење на податоците);

Чекор 1.2. Обука на техничкиот тим низ запознавање со соодветниот софтверски пакет SPSS v. 13;

Чекор 2. Создавање на листа на телефонски броеви по метода на случаен избор, користејќи се со постоечките телефонски именици во дигитален формат;

Чекор 3. Внесување на добиените податоци во соодветен софтверски пакет, при што беше користен софтверскиот пакет SPSS v. 13;

Чекор 4. Анализа на податоците, создавање на табели и графикони за визуелен приказ на истите;

Чекор 5. Толкување на податоците со подготовка на извештај.



Табела 1.1. Чекори во постапката на изработка на анкетата

Целокупниот процес на анкетирање се одвиваше на следниов начин:

По завршувањето на Чекор 1.1, беше пристапено кон Чекор 2. Паралелно со тоа се одвиваше Чекор 1.2. Со добивањето на податоците, беше пристапено кон Чекор 3, кој течеше паралелно со Чекор 2, зависно од бројот на пристигнатите податоци. По завршувањето на Чекор 3 се пристапи кон Чекор 4. По завршувањето на Чекор 4, се пристапи кон Чекор 5. Чекорите во изработката на анкетата се претставени во таб. 1.1

1.4. Анкетни прашања

Анкетните прашања, вкупно девет на број, беа поделени во две групи. Во првата група се наоѓаа четири прашања со генерален демографски карактер, имено:

Пол: машки и женски;

Возраст: во анкетата беа опфатени респонденти на возраст од 18 до над 60 години, поделени во пет старосни групи;

Национална припадност: во анкетата беше предвидено да се опфатат следниве етнички групи: Македонец, Албанец, Турчин, Србин, Ром, друга национална припадност (без нагласување на припадноста)

Степен на образование: на прашањето за степенот на образование можеше да се даде следниот одговор: доктор на науки, магистер, високо образование, средно образование, основно образование, друго (без нагласување на степенот на образование).

Во втората група прашања влегоа петте прашања сврзани конкретно со проблематиката на анкетата, а имено:

Дали Република Македонија треба да влезе во Европска Унија? Како одговор на ова прашање се нудеше можност од три опции: да, не и не знам

Дали Република Македонија треба да исполни определени услови за да започне преговори за членство во Европската Унија? Како одговор на ова прашање се нудеше можност од три опции: да, не и не знам

Дали знаете кои клучни услови /приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство? Како одговор на ова прашање се нудеше можност од три опции: да, не и не знам

Можете ли да наброите кои се клучните приоритети? Како одговор на ова прашање се нудеа следниве опции: еден (приоритет), помалку од тр, повеќе од четири и осум. Освен тоа, респондентите беа слободни да дадат свој коментар за приоритетите, што мислат дека се битни за приклучување на Македонија кон Европската Унија.

Дали сметате дека Владата работи добро за да ги исполни овие приоритети за влез во Европската Унија? Како одговор на ова прашање се нудеше можност да се избере едната од трите опции: да, не и не знам

1.5. Одзивот на респондентите

Во Скопје, анкетарите остварија телефонски контакт со 378 испитаници. Од тоа, 260 прифатија да бидат анкетирани, додека остатокот од 108 одбија да бидат анкетирани. Од другите градови, беа остварени контакти со жителите на:
Битола (прифатија 15, одбија 24),
Гостивар (прифатија 7, одбија 4)
Велес (прифатија 7, одбија 6)
Струмица (прифатија 11, одбија 5)
Штип (прифатија 13, одбија 3)
Охрид (прифатија 15, одбија 7)
Тетово (прифатија 6, одбија 2)
Кочани (прифатија 17, одбија 14)
Куманово (прифатија 19, одбија 24)
Гевгелија (прифатија 2, одбија 4)
Кичево (прифатија 8, одбија 3)

Град	**Прифатија**	**Одбија**
Битола	15	24
Гостивар	7	4
Велес	7	6
Струмица	11	5
Штип	13	3
Охрид	15	7
Тетово	6	2
Кочани	17	14
Куманово	19	24
Гевгелија	2	4
Кичево	8	3
Збир	*120*	*96*
Скопје	260	108
Вкупно	**380**	**204**

Табела 1.2. Одзивот на репондентите по градови

Од 584 респонденти на целата територија на Република Македонија, со кои што анкетарите остварија контакт, се согласија да одговараат на прашањата 380 респонденти, додека 204 респонденти одбија да одговорат на прашањата.

1.6. Територијална дистрибуција на респондентите

Територијалната дистрибуција на респондентите е следнава:
Од целокупната група на 380 респонденти, од градот Скопје и непосредната околина беа 260 респонденти, додека остатокот од 120 респонденти беа од другите градови на Република Македонија.
Целокупната територијална дистрибуција на респондентите по градови е дадена во табела 1.3.

Град	**Респонденти**
Битола	15
Гостивар	7
Велес	7
Струмица	11
Штип	13
Охрид	15
Тетово	6
Кочани	17
Куманово	19
Гевгелија	2
Кичево	8
Вкупно	**120**

Табела 1.3.Територијална дистрибуција на респондентите по градови



Графикон 1.3. Територијална дистрибуција на респондентите по градови

2. Резултати од анкетата

2.1. Полова структура на респондентите

Половата структура на 380 респонденти е следнава:

Пол	**Респонденти**	**Учество во %**
Машки пол	171	45
Женски пол	209	55
Вкупно	**380**	**100**

Табела 2.1. Полова структура на респондентите

Графикон 2.1. Полова структура на респондентите

2.2. Старосна структура на респондентите

Во прашањето за старосната структура на респондентите, во анкетата беа дадени следниве можни одговори:

1. од 18 до 25 години
2. од 25 до 35 години
3. од 35 до 45 години
4. од 45 до 55 години
5. над 60 години

Добиените одговори се групирани на следниов начин:

Старосна структура	**Респонденти**	**учество во %**
18-25 години	41	11
25-35 години	54	14
35-45 години	51	13
45-55 години	79	21
Над 60 години	155	41
Вкупно	**380**	**100**

Табела 2.2. Старосна структура на респондентите



Графикон 2.2. Старосна структура на респондентите

2.3. Структура на респондентите по национална припадност

На прашањето за националната структура на респондентите им беа понудени следниве опции:

1. Македонец
2. Албанец
3. Турчин
4. Србин
5. Влав
6. Ром
7. Друго (без нагласување на националната припадност).

Одговорите на респондентите според националната припадност се групирани на следниов начин:

Национална припадност	**Респонденти**
Македонец	326
Албанец	21
Турчин	8
Србин	14
Влав	2
Ром	2
Друго	7
Вкупно	**380**

Табела 2.3. Структура на респондентите по националност



Графикон 2.3. Структура на респондентите по националност

Поради масивната доминација на респонденти од македонска националност, структурата на респондентите од останатите националности е дадена во следнава табела 2.3.1.

Национална припадност	**Респонденти**
Албанец	21
Турчин	8
Србин	14
Влав	2
Ром	2
Друго	7
Вкупно	**54**

Табела 2.3.1. Структура на немакедонските респонденти според националниот состав



Графикон 2.3.1. Структура на немакедонските респонденти според националниот состав

Припадниците на етничките заедници во Република Македонија во анкетирањето учествуваа со 17,5% наспроти 82,5% респонденти Македонци.

2.4. Структура на респондентите според степенот на образование

На прашањето за степенот на образование, на респондентите им беа понудени следните опции:

1. Доктор на науки
2. Магистер
3. Високо образование
4. Средно образование
5. Основно образование
6. Друго (без наведување на степенот на образование)

Одговорите на респондентите во поглед на нивниот степен на образование беа следниве:

Степен на образование	**Респонденти**	**Учество во %**
Доктор на науки	0	0
Магистер	2	0,5
Високо	103	27
Средно	189	50
Основно	66	17
Друго	20	5,5
Вкупно	**380**	**100%**

Табела 2.4. Степен на образование на респондентите



Графикон 2.4. Степен на образование на респондентите

3. Анкетни прашања

3.1. Анкетно прашање број 1: Дали Република Македонија треба да влезе во ЕУ?

Како одговор на ова прашање беа понудени три опции:

1. Да
2. Не
3. Не знам

Одговорите на респондентите на прашањето се следниве:

Прашање 1	**Респонденти**	**Учество во %**
Да	329	86,6
Не	18	4,7
Не знам	33	8,7
Вкупно	**380**	**100%**

Табела 3.1. Дали Република Македонија треба да влезе во ЕУ?



Графикон 3.1. Дали Република Македонија треба да влезе во ЕУ?

3.2. Анкетно прашање број 2: Дали Република Македонија треба да исполни одредени услови за да започне преговори за членство во ЕУ?

Како одговор на ова прашање беа понудени три опции:

1 Да
2 Не
3 Не знам

Одговорите на респондентите на прашањето се следниве:

Прашање 2	**Респонденти**	**Учество во %**
Да	213	56
Не	102	27
Не знам	65	17
Вкупно	**380**	**100%**

Табела 3.2. Дали Република Македонија треба да исполни одредени услови за да започне преговори за членство во ЕУ?



Графикон 3.2. Дали Република Македонија треба да исполни одредени услови за да започне преговори за членство во ЕУ?

3.3. Анкетно прашање број 3: Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство?

Како одговор на ова прашање беа понудени три опции:

1 Да
2 Не
3 Не знам

Одговорите на респондентите на прашањето се следниве:

Прашање 3	**Респонденти**	**Учество во %**
Да	179	47
Не	45	19
Не знам	156	34
Вкупно	**380**	**100%**

Табела 3.3. Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство?



Графикон 3.3. Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство?

3.4. Анкетно прашање број 4: Можете ли да ги наброите клучните приоритети?

Како одговор на ова прашање беа понудени четири опции:

1. Еден
2. Помалку од три
3. Повеќе од четири
4. Осум

За точен одговор се земаше *одговорот 3: Повеќе од четири.*

Одговорите на респондентите на прашањето се следниве:

Прашање 4	**Респонденти**
Еден	51
Помалку од три	56
Повеќе од четири	39
Осум	2
Вкупно	**148**

Табела 3.4. Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство?



Графикон 3.4. Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство?

Од вкупниот број на респонденти кои што одговорија на прашањето, точен одговор дадоа 39 респонденти, што претставува 26% од респондентите што дадоа одговор или 10% од целокупниот број на респонденти.

Респондентите не мораа да одговорат на прашањето, меѓутоа, имаа слобода да наведат кои услови/приоритети ги сметаат за клучни во процесот на приклучување на Република Македонија кон ЕУ. Беа дозволени повеќекратни одговори на прашањето.

Како клучни услови/приоритети респондентите ги издвоија следниве ставки:

	Приоритет	**Респонденти**
1	Прашањето на името	82
2	Прашањето на судството	62
3	Економски прашања	40
4	Корупција	38
5	Полиција	17
6	Човекови права	15
7	Фер и слободни избори	15
8	Прашање на администрацијата	11
9	Прашање на здравството	11
10	Соодветно законодавство	10
11	Вработување	9
12	Демократија	7
13	Образовен систем	7
14	Прашање на националните заедници	7
15	Меѓународни фактори	7
16	Прашања од областа на безбедноста	6
17	Несоодветна инфраструктура	4
18	Целокупни реформи	3
19	Прашање на религијата	2
20	Несоодветно земјоделство	2
21	Несоодветна царинска служба	2

3.5. Анкетно прашање број 5: Дали сметате дека Владата добро работи за да ги исполни овие приоритети?

Како одговор на ова прашање беа понудени три опции:

4. Да
5. Не
6. Не знам

Одговорите на респондентите на прашањето се следниве:

Прашање 5	**Респонденти**	**Учество во %**
Да	221	58
Не	88	23
Не знам	71	19
Вкупно	**380**	**100%**

Табела 3.5. Дали сметате дека Владата добро работи за да ги исполни овие приоритети?



Графикон 3.5. Дали сметате дека Владата добро работи за да ги исполни овие приоритети?

4. Заклучок

Во текот на месец април за потребите на организацијата „Транспарентност – Нулта корупција“ беше спроведена анкета под наслов „Македонија и Европската Унија“. Целта на анкетата беше да се добијат информации за ставовите, знаењето и мислењето за тоа, колку граѓаните на Република Македонија се информирани за клучните приоритети, што Република Македонија ги има преземено како обврска, со цел започнување на преговорите за членство во Европската Унија. Анкетата беше вршена со случаен избор на респонденти. Целокупниот процес на анкетирање, почнувајќи од обуката на анкетарите и завршувајќи со изработка на извештај, траеше 15 дена.

Како најсоодветна метода за собирање на податоците, а во исто време зачувување на анонимноста на респондентот, беше одбран телефонскиот контакт при избор на случајни телефонски броеви.

За потребите на спроведувањето на анкетата беа формирани два тима: тим на анкетари, што помина соодветна куса обука за целите, методите и начинот на спроведување на анкетата, и технички тим, што ја презеде обработката на добиените податоци.

Анкетните прашања, вкупно девет на број, беа поделени во две групи. Во првата група се наоѓаа четири прашања со генерален демографски карактер, додека во втората група прашања влегоа петте прашања сврзани конкретно со проблематиката на анкетата.

Од 584 респонденти на целата територија на Република Македонија, со кои што анкетарите остварија контакт, се согласија да одговараат на прашањата 380 респонденти, додека 204 респонденти одбија да одговорат на прашањата.

Содржина

1. Општи поставки 1
1.2. Метода на анкетирање.....1
1.3. Чекори во спроведувањето на анкетата.....2
1.4. Анкетни прашања 3
1.5. Одзивот на респондентите 4
1.6. Територијална дистрибуција на респондентите 5
2. Резултати од анкетата.....6
2.1. Полова структура на респондентите.....6
2.2. Старосна структура на респондентите.....7
2.3. Структура на респондентите по национална припадност 8
2.4. Структура на респондентите според степенот на образование.....10
3. Анкетни прашања 11
3.1. Анкетно прашање број 1:
Дали Република Македонија треба да влезе во ЕУ?.....11
3.2. Анкетно прашање број 2:
Дали Република Македонија треба да исполни одредени услови за да започне преговори за членство во ЕУ? 12
3.3. Анкетно прашање број 3:
Дали знаете кои клучни услови/приоритети треба да ги исполни за да ги започне преговорите за членство? 13
3.4. Анкетно прашање број 4:
Можете ли да ги наброите клучните приоритети? 14
3.5. Анкетно прашање број 5:
Дали сметате дека Владата добро работи за да ги исполни овие приоритети? 16
4. Заклучок.....17